MY DIARY





# МОЈОТ ДНЕВНИК

Беди Ибрахим

Bedi Ibrahim

CIX Gallery

Проектот на Ибрахим Беди наречен *Мојот дневник* претставува еден вид интимен дневник на авторот посветен на старите предмети кои што егзистираат во нашето секојдневие. Идејата на авторот е да ги оживее и реактуелизира предметите кои поради својата истрошеност паѓаат во заборав. Користејќи ги масовно како подлога за своите дела, авторот не само што ги спасува од уништување овие нему драги предмети, туку давајќи им почесно место во своите творби им ја осигурува иднината и патот кон вечноста. Иако на прв поглед изгледа чудно ногарка од столица, парче даска, камен или гранка да претставува свет реликвијар, сепак сите овие случајно пронајдени предмети кои сега претставуваат реди-мејд дела, во минатото поседувале одредена позитивна енергија која што всушност и го натерала авторот да ги избере токму нив во купиштата стари предмети.

Приказната за енергијата и нејзиното постојано кружење во делата на Беди зафаќа видно место. Сите предмети и воопшто сите нешта кои што не опкружуваат поседуваат одредена енергија. Грубите материјални елементи (елементите од периодниот систем од кои е створено се она кое што постои на светот) постојат во телата на сите нешта на овој свет меѓутоа не се доволни да им дадат живот, енергијата е тоа што го подарува животот. Дури и основните елементи разглобени во најситни парчиња не претставуваат ништо друго освен купчиња електрони направени од енергија. Според древните Ведски списи, грубите материјални елементи (земја, воздух, оган и вода) се спојуваат со суптилните материјални елементи (ум, интелегенција, его), но овој спој не е доволен да се создадат материјалните тела на овој свет. Дури откако енергијата ќе дојде во контакт со материјалните тела тие почнуваат да имаат свој живот. Енергијата навлегува во сите материјални тела но сепак таа останува и околу нив ја создава нивната аура. Секоја материјална творба всушност не е ништо друго туку претставува спој на материјалните елементи и енергија но во различни размери.

Секој од предметите кој сега се наоѓа во галеријата во еден период на своето постоење бил опкружен со внимание, ногарките од маси, стариот прозорец, старите полици, сите тие работи пред педесет, седумдесет или кој знае колку години биле многу важни елементи во домовите на нашите предци, а потоа паднале во заборав и го чекале денот кога ќе ги снема од лицето на земјата. Години потоа авторот ги пронаоѓа овие некогаш битни предмети и им дава нов живот. Веселите тонови и форми Беди ги создава благодарение на своевидната енергија која што се наоѓа во самите предмети. Не случајни се детските цртежи на делата од циклусот *Мојот дневник*. Според авторот старите предмети кои тој ги користи како предлошка во себе содржат чудна сила која што успева да го ослободи од сите стеги на секојдневието. Користејќи ја таа сила Беди успева на делата да им ја даде чистотата на детската мисла.

Присатноста на огледалата во делото на Беди всушност претставува трансфер на минатото во сегашноста, премин од еден во друг свет, премин од суровиот свет на реалност во чудесниот свет на илузијата и имагинацијата. Самото огледало претставува еден вид на магиски талисман кој ни овозможува да погледнеме од другата страна на овој свет, да заминеме на патување низ времето или да ја посетиме земјата на чудата.

*Никола Писарев*

---

The Ibrahim Bedi's project called *My Diary* presents a kind of intimate author's diary dedicated to the antique items that exist in our every-day's life. The author's idea is to revive and actualize the objects that fell into oblivion because they're worn-out with their use. Using this objects as a basis for his artwork, the author - not only rescues them from disappearing, but - giving them the place of honor in his art, he also ensures their immortality, in a way, and their path to eternity. Although - at the first look - it's strange how a chair's leg, a piece of wood, stone or some tree-branch can be a sacred (art) relict, all of this accidentally found items, now art-pieces in form of a ready-made artifacts, in their past - possessed certain positive energy that, actually, got the author to an idea to select exactly them among the many others.

The story about the energy and its eternal circulation fulfills a significant space in the Bedi's artworks. All objects and, namely, all the things that are around us, possess a certain kind of energy. Rough material elements (the elements of the periodical system from which all that exist in the world is consisted) exist in the material plot of all things, but those elements aren't enough to give life to those things - energy is what gives life. Even the simplest elements broken to the smallest pieces, aren't anything else but a bunch of electrons made of energy. According the ancient Veda annals, the raw material elements (earth, air, fire and water) merge with the subtle material elements (mind, intelligence, ego, etc.), but this junction isn't enough to create the material entities of this world. Only when the energy will contact with those material entities, they begin to have life of their own. The energy overwhelms inside all material entities, but it remains outside them also - making their aura. Every material entity - actually - isn't anything else but juncture of the material elements ad the energy, but with different ratio from case to case.

Everyone of the items now displayed in the Gallery, in some period of time (eventually) was surrounded by certain attention according to its purpose and use: the chair/table legs, the old window and desk-shells etc., once before 50, 70 or more years, were items with certain importance to our ancestors. After their life-use, they fell into oblivion and they wait for their disappearance from the face of the earth since. But, years after the cease of their actual use, the author discovers this, once important items - and grants them a new life. The joyful shades and forms of those art-deeds are created that way by Bedi - exactly because of their original energy within them. The children-like drawings at the items of the project *My Diary* - aren't accidental. According the author, every one of the old items he uses as a base-point, consist certain strange potentials and powers within, potentials and powers that manage to liberate him from all inhibitions and limits of every day's life. Using that potential, Bedi succeeds to grant to his deeds the purity of the child's mind.

The significant presence of the mirrors in Bedi's work, actually, presents a transfer of the past into the present, the leap from one to another world, a leap from the cruel world of reality into the wondrous world of the illusion and imagination. The mirror itself presents a kind of an enchanted talisman that provides us with ability to have a look at the other side of this world and to have a trip through Time, or visit the Wonderland.

*Nikola Pisarev*





Bedi Ibrahim,
*My diary, 2002.*





Bedi Ibrahim,
*My diary, 2002.*




Bedi Ibrahim,
*My diary, 2002.*



Bedi Ibrahim,
*My diary, 2002.*

ИБРАХИМ БЕДИ

Роден во Скопје, 1959. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, оддел скулптура, 1985. Од 1985 -1990 учествува во активностите (перформанси, хепенинзи, мурали, инсталации) на група "Зеро".
1991 добитник на стипендијата на Академијата Мимар Синан во Истанбул од страна на Министерството за култура на Турција.
Адреса: ул. Ѓорѓи Сугаре 6/1/14, 1000 Скопје
тел. 02 776 433; моб.: 070 272 423

Самостојни изложби:
1986 - Скопје, Галерија "25 Мај"
1987 - Сараево, Уметничка галерија ЦЕДУС
1991 - Скопје, Уметничка галерија "Скопје" - Даут Пашин Амам
1992 - Истанбул (Турција), Kadikoy Cultural Center
1992 - Истанбул (Турција), Yuksel Sabanci Cultural Center
1993 - Истанбул (Турција), Kuzgundzug
1996 - Скопје, "Моја соба", Кафе - галерија САМ
1997 - Скопје, Самостоен видео проект "Праг", Чифте Амам
1999 - Скопје, Уметничка галерија "Скопје" - Даут Пашин Амам
2001 - Струмица, Работнички универзитет "Јошка Свештарот"
- Прилеп, Младински културен Центар "Марко Цепенков"

Групни изложби:
1984 - Белград (Југославија), Т. Велес, Штип, Битола, Скопје, Млади македонски уметници
- Сараево (Босна), Југословенска културна манифестација "Заедно",Факултет ликовнх уметности.
- Белград (Југославија), Југословенска културна манифестација, СКЦ
1985 - Скопје, Експресија, Гест, Акција, Музеј на Македонија
1986 - Скопје, 80-те во македонската ликовна уметност, Музеј на Македонија
- Скопје, Шемов - Фидановски Интервенции 1973-1986, Музеј на современата уметност - Скопје, Галерија "25 Мај"
1987 - Скопје, Интервенции, Галерија "25 Мај"
- Скопје, 1. Биенале на младите, Музеј на современата уметност - Скопје
- Ријека (Хрватска), 14. Југословенско биенале на младите, Moderna galerija
1988 - Скопје, Цртеж... Цртеж - Објект, Ликовен круг 25, Галерија "25 Мај"
1989 - Сарајево (Босна), Југословенска Документа 89, Skenderia
- Скопје, 2. Биенале на младите, Музеј на современата уметност - Скопје
- Белград (Југославија), Изложба на скулптури од Уметничката колонија Илок
1990 - Келн (Германија), "Standpunkt: Macedonian Group Zero from Skopje", Eastern European Cultural and Art Center
1991 - Скопје, 3. Биенале на младите, Музеј на современата уметност - Скопје
1993 - Скопје, 4. Биенале на младите, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, Ситна пластика, Уметничка галерија "Скопје" - Даут Пашин Амам
1994 - Нирнберг (Германија), 7 Artists from Skopje, Kunsthaus Nürnberg
- Скопје, 5 уметници, Уметничка галерија "Скопје" - Даут Пашин Амам
1995 - Дрезден (Германија), Gallery in Kulturrathaus of Dresden City
- Скопје, 9 1/2: Нова македонска уметност, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, ДЛУМ - Цртеж, НУБ "Св. Климент Охридски"
1996 - Париз (Франција), 75 уметници од Македонија, Site International de Art
1997 - Истанбул (Турција), 5. Истанбулско меѓународно биенале, Darb Hane
1998 - Скопје, 50год. Јубилеј на ДЛУМ
2000 - Скопје, ДЛУМ, Графичка работилница
2001 - Скопје, Цитати, Музеј на современата уметност - Скопје

Колонии:
1983, 1995 - Прилеп, 1984 - Врњачка Бања (Југославија), 1987, 1988, 1989 - Илок (Хрватска), 1991 - Галичник, 1996 - Кичево, 1998 Валандово и Кичево

Награди:
1985 - Годишна награда на Факултетот за ликовни уметности
1995 - Награда за цртеж "Св. Климент Охридски"

IBRAHIM BEDI

Born on 5. 2. 1959 in Skopje, Macedonia. 1985 graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje at the Sculpture Department. From 1985 -1990 he participated in the activities (performances, happenings, murals, installations) of the Macedonian group "Zero". In 1991 he gained the Grant of Ministry of Culture of Turkey for artist in residence program at Mimar Sinan Academy in Istanbul.
Adress: Gogri Sugare 6/1/14, 1000 Skopje
tel.: 02 776 433; mobile: 070 272 423

Solo exhibitions:
1986 - Skopje, Youth Cultural Center "25 May"
1987 - Saraevo, Art Gallery CEDUS
1991 - Skopje, Art Gallery Daut Pashin Amam
1992 - Istanbul, Kadikoy Cultural Center
1992 - Istanbul, Yuksel Sabanci Cultural Center
1993 - Istanbul, Kuzgundzug
1996 - Skopje, "Room of My Own", Association of Architects of Macedonia
1997 - Skopje, Solo video projects,"Treshold", Chifte Amam
1999 - Skopje, Art Gallery Daut Pashin Amam
2001 - Strumica, Adult Education Center "Joska Svestarot"
- Prilep, Gallery of the Cultural Center "Marko Cepenkov"

Group Exhibitions:
1984 - Skopje, Youth Cultural Center "25 May", "Young Artists of Macedonia"
- Titov Veles, National Museum
- Sarajevo, Faculty of Fine Arts,"Zaedno"
- Belgrade, SKC, Jugoslav Cultural Manifestation
1985 - Skopje, Museum of Macedonia, "Expression, Guest, Action"
1986 - Skopje, Museum of Macedonia, "80-ties in Macedonian Fine Art"
- Skopje, Museum of Contemporary Art, Shemov-Fidanovski "Interventions 1973-1986"
- Skopje, Cultural Informative Center
1987 - Skopje, Youth Cultural Center "25 May", Interventrions
- Skopje, Museum of Contempory Art, First Biennial of Young Artists
- Rijeka, 14th Biennial of Young Yugoslav Artists
1988 - Skopje, Youth Cultural Center "25 May", "Drawing, Object, Drawing"
1989 - Sarajevo, Center Skenderia: "Yugoslav Documents 89"
- Skopje, Museum of Contemporary Art, Second Biennial of Young Artists
- Belgrade, Exhibition of Sculptures from the Art Colonies
1990 - Cologne, Eastern European Cultural and Art Center, "Standpunkt: Macedonian Group Zero from Skopje"
1991 - Skopje, Museum of Contemporary Art, Third Biennial of Young Artists
1993 - Skopje, Museum of Contemporary Art, Fourth Biennial of Young Artists
- Skopje, Art Gallery Daut Pashin Amam, Miniature Plastic
1994 - Nürnberg, Kunsthaus Nürnberg, "7 Artists from Skopje
- Skopje, Art Gallery Daut Pashin amam, "5 Artists"
1995 - Dresden, Gallery in Kulturrathaus of Dresden City
- Skopje, Museum of Contemporary Art, "9 and 1/2 - New Macedonian Art"
- Skopje, DLUM Exhibition of Drawings
1996 - Paris, Site International de Art:"75 Artists"
1997 - Istanbul, 5th Istanbul International Biennial
1998 - Skopje, 50. Jubilee DLUM
2000 - Skopje, DLUM, Graphic workshop
2001 - Skopje, Museum of Contemporary Art, "Citation"

Colonies:
1983, 1995 - Prilep, 1984 - Vrnjacka Banja, 1987, 1988, 1989 - Ilok, 1991 - Galicnik, 1996 - Kicevo

Awards:
1985 - Annual award of the Faculty of Fine Arts
1995 - Award for drawing "St. Clement Ohridski"



Издавач: Центар за современи уметности Скопје; за издавачот: Мелентие Пандиловски; текст Никола Писарев;
превод на англиски Петар Воларовски; печати: Интерграфика Унион; Тираж 300;

Publisher: The Contemporary Art Center Skopje; Editor in chief: Melentie Pandilovski; Text: Nikola Pisarev;
translation in english Petar Volarovski; Printed bu Intergrafika Union; copies 300;

ISBN 9989-745-61-7/2002

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА OPEN ИНСТИТУТ SOCIETY ОТВОРЕНО INSTITUTE ОПШТЕСТВО MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

CAC the contemporary art center

PRO HELVETIA
Arts Council of Switzerland
On behalf of
SDC Swiss Agency for Development and Cooperation